# ДЕВОЈКАТА СО СВЕЌА

**Себастијан Фицек**

САКАМ КНИГИ

**Што ако смртта е твојата единствена шанса за преживување?**

Пред единаесет години, Алма била дадена на посвојување под мистериозни околности додека сѐ уште била бебе. Во досието за посвојување кое се држело во строга тајност, стоел коментарот: „Идентитетот на родителите никогаш не смее да излезе во јавност! Ризик по животот на мајката!!!“

Но сега Алма е сериозно болна и итно ѝ треба трансплантација на коскена срж.

За да го спаси животот на посвоената ќерка, Оливија Раух тргнува во очаен лов на биолошките родители на девојчето.

Во нејзината потрага, психологот експерт за насилни злодела наидува на легендата за „Девојката со свеќата“ – млада девојка која еден Божиќ се изолирала од светот во една куќа во шумата Франкенвалд. Дотаму ја следел и некој психопат кој ја принудил да отвора божиќен календар полн со ужасни задачи.

Како и сите мои книги и оваа е напишана без помош од вештачка интелигенција и писатели во сенка.

Колку е лудо што живееме во време во кое овој податок не може да се земе здраво за готово?

*Себастијан Фицек*

*За Сабрина*
*Дури и кога не веруваш во ништо,*
*тоа значи дека веруваш во нешто.*

# 1

# *ТРАНСКРИПТ ОД ПОВИК ДО ИТНА ПОМОШ*

20 ДЕКЕМВРИ, 23:34, Хоф контролен центар, Баварија

Полиција: Разговарате со полицијата. Кој е на телефон?

Јавувач: Да, здраво. Сакам да нарачам пица.

Полиција: Се јавивте на полицискиот број за итни случаи.

Јавувач: Така е. Со салама и кашкавал.

(Пауза)

Полиција: Разбирам... Дали сте моментално во опасност, дали некој Ви се закaнува?

Јавувач: Да.

Полиција: Не сте сами во просторијата?

Јавувач: Токму така.

Полиција: Дали има неколкумина со Вас?

Јавувач: Не, само една пица, Ве молам.

Полиција: Одлично. Одлично Ви оди. Дали лицето што е со Вас е вооружено?

(Долга пауза)

Јавувач: Да. Екстра голема, Ве молам.

Полиција: Дали сте повредени?

Јавувач: Со кулен.

Полиција: Многу лошо?

Јавувач (со болна насмевка): Ако не јадам нешто наскоро, ќе умрам.

Полиција: Во ред. Вие сте силна жена. Одлично Ви оди. Наскоро ќе пристигне помош. Само мора да ми ја кажете точната адреса.

Јавувач: Хм. Да, се разбира (Пауза. Тешко дишење). Ве молам доставете ја на Рабенхамер, 18, Таненштајг.

Полиција: Дали е тоа стан?

Јавувач: Не, колиба е. Се вика Хаус Валдпфад.

Полиција: Добро. А како се викате вие?

Јавувач: Валентина. Валентина Рогал. Но, покрај ѕвончето нема име. Што?

(Шумолење. Нечија дланка очигледно ја покрива слушалката од телефонот).

Јавувач (на некој друг во просторијата): Да, ќе го кажам тоа.

(Лицето е повторно на линија. Вознемирен, растреперен глас). Тука сте? Ве молам оставете ја храната пред влезната врата. Ќе има пари под чергичето.

Полиција: Каде сте поточно? На приземје?

Јавувач: Не.

Полиција: Прв кат?

Јавувач: Токму така. (Пауза, шушкање). За колку време ќе ја доставите?

Полиција: Помошта ќе пристигне за неколку минути. Сега сакам да речете, ‘Нема проблем, ќе почекам на линија додека воспоставите контакт со доставувачот’.

Јавувач: Нема проблем, ќе почекам на линија додека воспоставите контакт со доставувачот. Само уште нешто…

(Долга пауза. Шушкање. Неразбирливо шепотење во позадина. Потиснат крик.)

Јавувач: Не, не, не го правам тоа.

Полиција: Ало? Ало? Дали сте тука?

(Долг, болен женски крик.)

Крај на снимката: 23:37

# 2

## *РАБЕНХАМЕР, 18 ТАНЕНШТАЈГ 23:51 ШТРАХНИЦ*

Со полуспуштените ролетни, ситната колиба со покрив од ќерамиди изгледаше како да му намигнува на полицаецот Штрахниц од работ на шумата.

Беше студена, ѕвездена ноќ. Немаше ниту еден облак кој би ја попречил светлината на полната месечина, па глетката наликуваше на самрак и покрај доцниот час, а сјајот служеше како ламба за полицаецот.

Изминатите неколку дена падна огромна количина снег. Вчераутро престана да вее, но повторно продолжи во текот на вечерта. Невозможно беше човек тивко да се прикраде до куќата; неговите чизми, како и чизмите на полицајката до него, крцкаа со секој чекор, сè до последната куќа на крајот од патот. На патеката имаше фрлено сол, па барем не се лизгаа додека се качуваа по нагорнината. Штрахниц сепак спаѓаше во ризична категорија и можеше да се стркала; уште еднаш лошо го процени внесот на течности во текот на денот. Премногу алкохол, а премалку вода. Сега страдаше од последиците на изминатите неколку часа, а искачувањето до Хаус Валдпфад, колибата од онлајн порталот за изнајмување, се чинеше многу подолго од очекуваното.

„Изгледа мирно“, ѝ рече тој на неговата млада колешка која пристигна осум минути подоцна од него. Кога пристигна известувањето од контролниот центар, тој веќе беше во близина, но содржината на повикот несомнено значеше дека не станува збор за рутинска работа која може да ја заврши еден полицаец, па мораше да ја почека Самира.

Таа погледна наоколу и го вдиша чистиот воздух. „Некој сепак е буден“, рече таа. На горниот кат беше вклучена светилката, а сите други куќи во близина беа завиени во темнина.

Во неколку градини имаше осветлени борови, но Хаус Валдпфад немаше никакво надворешно осветлување. Но, на прозорецот имаше само една голема свеќа, изгорена до речиси една третина од нејзината висина, која трепереше на прозорецот со божиќни украси.

„Види!“ Самира покажа кон земјата.

Многубројните стапалки, едвај забележливи под тенката прекривка од вечерниот снег, беа доказ дека во последно време оттука поминале многумина. Во одреден момент по патеката сигурно поминала и Валентина Рогал – младата жена која ја направи необичната нарачка за пица.

„Чудно“, рече тој.

Временската прогноза во изминатите неколку дена ги спречи потенцијалните планински прошетки во оваа област. Летото беше жешко и суво. А сега, кревките крошни на дрвјата натежнуваа од скорашниот снег. Снежната бура можеше да има смртоносни последици. Во истиов период минатата година се скрши натежната гранка и уби невнимателен минувач.

*Живејте во хармонија со природата. Какви глупости!* помисли Штрахниц и инстинктивно посегна по пиштолот во неговиот елек.

Да, полицаецот ја обожаваше шумата Франкенвалд, снежниот плански пејзаж, чистиот воздух и топлите сончеви зраци врз врвовите на неговата родна Франконија. Но, не беше толку лековерен за да мисли дека Мајка Природа му е пријателка.

*„Природата се обидува да нè убие. Земјотреси, вулкански ерупции, поплави, бури, бактерии, диви животни, вируси, крлежи, болести, брутални жештини, неподносливи мразови... човештвото ги преживеало сите овие препреки во изминатите милениуми. Не со тоа што ја оставиле природата да си ја врши нејзината работа туку со тоа што се заштитувале како што еден народ би се заштитувал од воени окупатори: со криење во пештери и куќи, со облека, лекови, греење, оружје, рибарска опрема и отров за глувци“.*

Така го научи татко му.

*„Дали тоа значи дека треба да ѝ се спротивставуваме на природата?“* праша тој кога беше дете и со тоа заработи една шлаканица по ушите.

*„Не ме слушаш. Реков дека треба да се* браниме. Ние *не сме тие што се бориме со природата, туку* природата *е таа што се бори со нас. И со право. Ние сме ѝ непријатели. Немаме никаква функција во синџирот на исхрана. Нашето постоење нема смисла. Поради тоа, природата не ни должи примирје. Затоа, сите наши обиди да трошиме помалку електрична енергија, да јадеме помалку месо и да правиме помалку ѓубре се тотално бесмислени. Тоа е како да бараш од туморот да не се шири толку брзо. Ние сме ракот на природата“.*

Со текот на годините, Штрахниц сè подобро го разбираше очајот на неговиот стар, сега веќе сериозно болен татко, чиешто јавно лице беше сосем различно во текот на неговиот живот. Тој беше сериозен полициски инспектор во борба против криминалот, секогаш во служба на неговите ранливи граѓани.

*Каков лицемер.*

Зошто ли го послуша татко му и одлучи да тргне по неговите стапки и да стане полицаец? *„Сакаш ли залудно да го потрошиш животот работејќи како чувар или пак конечно, да бидеш вистински маж и да работиш вистинска работа?“*

Штрахниц се каеше за одлуката речиси секој ден. Денес повеќе од кога и да е. Но сепак, тој не можеше да го

слушне оној внатрешен глас кој му шепкаше да се врати назад наместо да влезе во куќата. Таа способност му беше намалена поради мамурлакот кој сè повеќе ги зариваше канџите во секоја мозочна ќелија со секој нареден здив.

За среќа, тој имаше доволно самоконтрола за да ја скрие ужасната состојба од неговата помлада колешка. Или барем се надеваше.

Патеката најпрво ги однесе покрај шталата, па потоа и гаражата која беше во склоп на имотот околу куќата. На покривот на гаражата имаше мал балкон со поглед на шумата.

Сензорот за движење ја вклучи светилката над задниот влез.

Од внатрешната страна, стаклото на вратата имаше некакви знаци испишани со црн фломастер.

„Чудно", рече Самира.

Штрахниц кимна. „Личи на некаков симбол".

Кривата линија личеше на бројот **2** или буквата **S** во зависност од тоа дали се набљудува однадвор или одвнатре.

Вратата беше малку подотворена. Штрахниц внимателно ја отвори. Вратата зачкрипи и го откри темниот и тесен ходник зад неа. Од десната страна на ходникот имаше тесни скалила кои водеа кон првиот кат. Од левата страна имаше кутија со осигурувачи прицврстена на ѕидот прекриен со дрвени штици. И врз кутијата имаше знак испишан со црн фломастер. Овој пат тоа беше бројот **5**.

„Здраво, ја носам Вашата пица!" Штрахниц викна толку гласно за секој присутен во куќата да може да го слушне. Не доби одговор. Не се слушаше ништо освен ветрот.

Во навидум напуштената куќа мирисаше на чад од оган и се ширеше оној чуден мирис кој го имаат водените кучиња.

*За жал, не мирисаше на ракија.*

„Дали има некој?"

Додека беа на паркингот, тој ѝ објасни на Самира дека не смеат да изгледаат како полицајци, па затоа ги

заменија полициските јакни со неутрални водоотпорни ветровки.

*„Лицето што ѝ се закануваше на жената очекува да пристигне некој со пица, па ние мора да се преправаме дека сме доставувачи“.*

„Парите не беа под чергичето“, викна Штрахниц и тивко продолжи да се движи по ходникот со пиштолот на готовс сè додека не дојде до тенка дрвена врата од неговата лева страна. За висок човек како него, таванот во куќата беше пренизок, па тој мораше да се наведне.

Кога ја отвори вратата, влезе во просторија која на прв поглед изгледаше како пријатна дневна соба: мал, удобен кожен кауч и кожна фотелја, персиски килим со црвени цветни шари и мала масичка на тркалца пред рустикална печка на дрва. Од дневната соба се влегуваше во кујната чијшто украсен прозорец го видоа кога доаѓаа кон куќата. Ролетната беше спуштена до пола, а на прозорецот стоеше црната свеќа.

„Празно е!“ рече Самира.

И тој веднаш забележа дека нема никој во старомодната рустикална кујна. Столовите беа разместени. Миришаше на ладно кафе и пелинковец. На кујнската маса имаше валкан прибор за јадење.

„Види“, рече Штрахниц и покажа кон стаклената врата на печката. Кога го виде бројот **19** испишан во саѓите, се сети на гнасниот багажник на неговиот автомобил врз кој децата нацртале насмеано лице со нивните прсти.

Штрахниц клекна и ја отвори печката. Зад него Самира гласно викна.

„О, Боже!“

И тој опцу. Многу повулгарно, поисплашено.

*Само да не е вистински!*

Веднаш помисли на моментот кога татко му му го раскажа неговиот најлош случај во кариерата. Некој наркоман мислел дека е опседнат од демони па се обидел да си ја отсече левата дланка со ножички за кастрење бидејќи била ‘*проколната од ѓаволот*’.

*Срање!*

Во печката немаше цела дланка туку само еден показалец. Едната половина од ноктот беше откорната од показалецот. Целиот прст беше натопен со крв и очигледно аматерски отсечен. Предјадење за канибал внимателно сервирано врз купчето жар во печката.

„Боже Господе!“ вознемирено рече Самира и го тргна погледот.

„Ми треба тим форензичари!“ им јави Штрахниц на контролниот центар. „И засилување. За секој случај пратете и болничари“.

Додека зјапаше во изладената печка, тој се проколна себеси и својот живот. Му требаше долго за повторно да застане на нозе, па затоа доцна забележа дека неговата колешка веќе не беше покрај него.

# 3

## *Самира*

Иако Штрахниц ѝ рече да не оди горе сама, таа не виде доволно добра причина за да го послуша. Да, тој беше постар и нејзин претпоставен, но со оглед на тоа како му мирисаше здивот и како се тетеравеше додека се искачуваа кон куќата, тој не беше во состојба правилно да ја врши неговата должност, а камоли да ѝ дава наредби. Нека го чека засилувањето долу ако сака. Таа не сакаше да биде обвинета дека не ѝ помогнала на жена во опасност.

Самира го извади пиштолот.

Трошните скалила гласно крцкаа со секој нејзин чекор. Немаше шанси да не се слушаше крцкањето на катот. Таа веќе не се преправаше дека доставува пица и наскоро откри дека нејзината претходна глума беше сосем непотребна. И собите на катот беа празни – имаше само една спална соба и мала канцеларија низ чијшто прозорец можеше да се скокне на малиот балкон на покривот од гаражата.

Валентина Рогал не беше тука. Немаше трага ни од мажот кој ѝ се закануваше.

Од друга страна пак, имаше јасни знаци дека во куќата имало луѓе пред само неколку часа. Покрај големиот кревет стоеја чаршави и перници натрупани во неуредно купче, но креветот беше наместен. Но постелата не беше чиста. Исто како и на вратата и разводната кутија со осигурувачи, и на постелата имаше испишани броеви.

На десната страна беше бројот **9,** додека на левата беше напишан бројот **17** со црвен фломастер.

*Што се случува?*

Покрај креветот Самира најде светлозелен коверт, едвај поголем од кредитна картичка. Го подигна ковертот и ја извади картичката. На картичката имаше текст напишан со тенко црно пенкало. Поема од која на Самира ѝ се превртуваше стомакот како да ја натерале да изеде расипано јајце.

*Нека биде под покров и мртва.*
*Девојката со свеќа сега е жртва.*
*Скриена во кутија, срцето не ѝ чука!*
*Ноќта на смртта е тука!*
*Ноќта на смртта е тука!*

Се запраша што се подразбира под зборот 'кутија'. Во мислите ѝ се појави слика на мртво тело без показалец кое е положено во сандак, ковчег или – по претпоставка дека поетот го употребил зборот со буквално значење – нешто налик на кутија.

*Или...*

Отиде од другата страна на креветот. Се наведна. Го напипа тепихот со прстите кој беше премногу темен за да го види – лепливата течност капеше од креветот на подот.

*Од креветот.*

Или поточно, од складишниот дел на креветот.

*Нека биде под покров и мртва.*

Под креветот. Во кутија.

„Што се случува овде?" го слушна Штрахниц од вратата.

Светилката од таванот како да стана помрачна.

Со оружјето на готовс, Самира го подигна креветот од страната каде што го најде ковертот. Пружината на механизмот за отворање неволно попушти под притисокот како да била присилно наместена во погрешна положба.

Штрахниц, кој веќе беше зад неа, ја вклучи џебната светилка.

„О, Боже!“

Самира ужаснато се сепна.

Фигурата во кутијата од креветот не беше препознатлива, па не знаеше дали станува збор за маж или жена, а на момент се посомнева дали воопшто станува збор за човечко суштество бидејќи никогаш дотогаш немаше слушнато толку неразбирливи и страшни вресоци.

„Болничари!“ го слушна викањето на Штрахниц. „Веднаш!“

Во некој идеален свет таа веќе ќе ги слушнеше сирените и наглото кочење на амбулантните возила. Светилките на полициските автомобили и амбулантните возила веќе ќе ја облеваа спалната соба со сина светлина.

Но Самира не слушна ништо слично. Пред себе го гледаше само крвавото суштество во кутијата од креветот кое тешко дишеше.

*Девојкаѿа со свеќа?*

„Каде ли се болничарите, по ѓаволите?“ викна Штрахниц во радио приемникот. Тогаш настана хаос. Додека нејзиниот колега сè уште зборуваше со контролниот центар, суштеството натопено со крв одеднаш скокна од креветот.

Самира се обиде, но не успеа да испука ниту еден куршум пред суштеството да се фрли кон голото незаштитено грло на Штрахниц.

# 4

## *СЕДУМ ЧАСА ПОДОЦНА ШТРАХНИЦ*

Нема мамурлак. Нема мачнини. Тоа беше првото нешто што го забележа кога се разбуди. За првпат по неколку месеци се разбуди без ужасна главоболка. Но тоа не беше причина за славење бидејќи наместо главоболка, тој сега се чувствуваше како да има отворена рана на грлото која некој садист ја преврзал со врели крпи натопени во солен раствор.

„Ме слушаш ли?“

Штрахниц кимна, но тоа беше голема грешка бидејќи сега завоите се зарија длабоко во неговата рана. Помисли да го повлече кабелот со црвеното копче за итни случаи кој висеше покрај креветот, но одлучи да се воздржи од понатамошни движења.

„Буден си. Тоа е добро...“

Мажот покрај неговиот кревет не беше медицинско лице иако големите подочници под неговите очи би биле својствени за доктор кој бил дежурен во изминатите четириесет и осум часа. Му требаше малку време за да го препознае темнокосиот маж кој имаше повеќе од педесет години и кој всушност беше неговиот татко. Високо одликуваниот истражител.

*Супер.*

„Каде сум?“ праша тој. Гласот му звучеше како да правел гаргара со белило.

„Во ‘Св. Мартин’, за среќа. Хирурзите овде се одлични“.

На периферијата од неговото видно поле свиркаше некаков монитор кој најверојатно ги следеше неговите витални функции. Тоа ги објаснуваше сите црева и манжетната околу неговата лева рака.

„Што се случи?“ едвај изусти тој залудно обидувајќи се да подголтне.

„Не знаеш?“ Гласот на неговиот татко звучеше зачудувачки радосно.

Штрахниц се обиде да се присети додека гледаше кон прозорецот во десниот агол од неговото видно поле. Надвор беше ден. Неодамнешните сеќавање му беа матни. Можеше да се сети на вкусот на алкохолот што го пиеше утрото (дали сѐ уште беше истиот ден?) Се сети и на повикот за помош. Од контролниот центар рекоа дека некоја жена била во опасност и не можела да зборува слободно, па се преправала дека се јавува за да нарача пица.

„Јас ќе проверам, во близина сум!“ Тие зборови ги изусти додека ја чекаше колешката.

Од тој момент натаму, сеќавањето му беше испрекинато. Се сети дека отвори врата и виде разводна кутија со осигурувачи врз која беше напишан број. Потоа кревет, па потоа некакво суштество натопено со крв и потоа...? Ништо.

Штрахниц се обиде да се накашла, но се почувствува како да поминува со турпија врз гласните жици. „Дали го фативте сторителот што ми го направи ова?“ рече тој, па ја подигна дланката кон грлото и го напипа завојот.

„Само слушај ме внимателно“, рече татко му, со глас кој беше потивок за една октава и сега звучеше речиси заканувачки. „Од суштинско значење е да сфатиш што се случи во куќата Валдпфад, добро?“

Штрахниц кимна и повторно зажали за постапката. Во главата како да го заплискуваше некаква чудна кисела миризба.

„Станувaше збор за куче“.

„Кучe? Каде... мислам, како...?“

„Скитник. Си одговорил на итен повик и си отишол во празна куќа. Кучето што те нападнало изгледа било затворено во кутијата по грешка и било гладно со денови. Ти си му бил плен“.

Силниот инспекторски глас на татко му стана потопол и попријателски. „Изгледа не си особено вкусен, дете мое. Животинчето изгледа се откажало од тебе и избегало“.

Штрахниц го обзеде тешка сонливост, како да проголтал таблета за спиење со моментално дејство. Сигурно му го полнеа организмот со седативи и аналгетици.

„Што се случи со жената?“ праша тој.

*И со мојата колешка. Како ли ѝ беше името?*

„Која жена?“

„Жртвата. Во сандакот за постелнина. Беше прекриена со крв. Сигурно сте го нашле нејзиниот прст!“

„Нејзиниот... *што*...?“

Очните капаци на Штрахниц почнаа да се затвораат.

„Во печката. Имаше број. И поема...“

*Скриена во кутија, срцето не ѝ чука!*

*Ноќта на смртта е тука!*

По ѓаволите, како ли беше понатаму?

Болничката соба почна да трепери пред неговите очи како сè околу него да беше само привидение кое се појавуваше под нестабилниот напон на електричната енергија. Го слушна длабокиот глас на татко му. „Полека и смирено, момче. Како што реков, без оглед на тоа кој ќе те праша, многу е важно да сфатиш дека во куќата немаше никој. Немаше жртва, немаше крв, немаше прст, ниту пак броеви. А не си видел ни поема“.

*Невозможно.*

„Не грижи се за тоа сега. Докторите велат дека е сосем нормално да си збунет и да имаш погрешни сеќавања по ваква трауматична повреда. Особено ако повремено пиеш малку повеќе“.